Проект на УСАИД за ,,Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите ,,

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## Родово Одговорен Буџетски форум

## Општина  Крива  Паланка

**Општина**

Крива Паланка

**Име на координатор:**

Гордана  Ристовска

**Модератор:**

Лидија Митовска

**Период на известување:**

01.11.2022 -30.11.2022

**Датум на извештај:**

**13.12.2022**

*Забелешка: Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период*

## ПОСТИГНУВАЊА

**1. Форумски сесии**

Во периодот од 01.11 до 30.11.2022 година во Општина Крива Паланка се одржаа четири форумски сесии.

**Првата форумска сесија** се одржа на 01.11.2022г. место: општинска сала, од 11 до16 часот.

На **првата форумска сесија** присуствуваа вкупно 69 граѓани од кои 45 жени и 24 мажи. Од нив сите  69 се Македонци.

Првата форумска сесија, беше конципирана и организирана како работилница од два дела. Првиот дел  е перидот  од  11 до 13 часот а вториот  дел од 13 до 16 часот.

Во првиот дел беше организирана  обука за граѓаните, со цел да се запознаат со поимот родово одговорно буџетирање, неговото значење  и  зошто тоа е потребно.

**Втората форумска сесија** се одржа на 11.11.2022г. место: општинска сала, од 13 до16 часот.

На **втората форумска сесија** присуствуваа вкупно 54 граѓани од кои 39 жени и 15 мажи. Сите учесници беа  Македонци.

На оваа сесија граѓаните дадоа вкупно 45  предлози во рамки на  сите шесте програми, кои беа дискутирани, од кои од страна на општината беа прифатени 24 предлози, за 1 предлог општината нема надлежност, 4 предлози се повторуваат  и 15 предлози не се прифатени од општината**.**

.

**Третата форумска сесија** се одржа на 22.11.2022г. место: општинска сала, од 13 до16 часот.

На **третата форумска сесија** присуствуваа вкупно 51 граѓани од кои 37 жени и 14 мажи. Како и на претходните две сесии сите учесници се Македонци.

На оваа сесија беа дадени вкупно 45 предлози од граѓаните во рамки на 7 буџетски програми од кои од општината беа прифатени 24 предлози, 3 предлога се повторува, за 1 предлог општината нема надлежност и од страна на општината се одбиени 17 предлози .

**Четвртата форумска сесија** се одржа на 29.11.2022г. место: општинска сала, од 13 до16 часот.

На **четвртата форумска сесија** присуствуваа вкупно 55 граѓани од кои 39 жени и 16мажи. Како и на претходните две сесии сите учесници се Македонци.

На оваа форумска сесија, граѓаните приоретизираа 48 проекти и бодуваа 13 родово одговорни буџетски програми на општина Крива Паланка за 2023 година

| *Форумска сесија* | *Број на предлози* | *Прифатени* | *Одбиени* |
|---|---|---|---|
| 1 ФС | 0 | 0 | 0 |
| 2 ФС | 44 | 24 | 20 (15+1+4) |
| 3 ФС | 45 | 24 | 21 (17 + 3+1) |
| 4 ФС | | | |
| 5 ФС | | | |
| **ВКУПНО** | 89 | 48 | 41 |

## 1. Работилници и средби

Во извештајниот период на ден 21.11.2022г. беше одржана една работилница на работната група за проекција на расходите.

На работилницата за проекција на расходите по тринаесте приоритетни програми:

1. Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 г.
2. Програма за животна средина на Општина Крива Паланка, за 2023 г.
3. Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка за 2023 г.
4. Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка.
5. Програма за активности на Општина Крива Паланка во, обласста на образование за 2023 г.
6. Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година во Општина Крива Паланка.
7. Програма за изградба на патишта и улици за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка.
8. Програма за уредување на градежно земјиште за 2023 година во Општина Крива Паланка.
9. За изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2023 година.
10. Програма за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година.
11. Програма за соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2023 година.

12. Програма за млади за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка.
13. Програма за култура на Општина Крива Паланка за 2023 година.

Присуствуваа членовите на работната група и тоа 5 граѓани од кои 2 мажи и 3 жени. Сите се Македонци. На состанокот на работната група присуствуваа и форумскиот тим во полн состав ( координатор, модератор, ОГ и претставници од општинската администрација) вкупно 10 од кои 2 мажи и 8 жени. Сите се Македонци.

Или се вкупно 15 од кои 4 мажи и 11 жени.

# 1.АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

## 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

### 1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)

По одобрувањето за спроведување на родово одговорен буџетски форум, со подршка на проектот на UN Women „Промовирање родово одговорни политики и буџети кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија, општина Крива Паланка ги започна подготвителните активности за успешно спроведување на форумскиот процес. Барање за спроведување на буџетски форумски процес за подготовка на буџетот на општината за 2023 година беше дадено и од проектот на УСАИД за ,,Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите ,, согласно меморандумот со кој Општина Крива Паланка е дел од овој проект.

Најпрвин беше одреден временскиот период за спроведување на форумскиот процес и тоа во текот на месец ноември, условен од законскиот рок за усвојување и донесување на општинскиот буџет за 2023 година. Модераторот е сертифициран модератор на ЗЕЛС за форуми во заедницата, воедно е и вработено лице и лидер на општинскиот форумски тим кој од 2018 година наваму редовно ги организира и спроведува – модерира сите форумските процеси во општината не само буџетските. Градоначалникот не сакаше оваа работа да му ја довери на некое трето лице, а уште повеќе што за истата услуга требаше општината да обезбеди дополнителни средства, кога има во своите редови стручно лице со проверена експертиза и искуство. Оперативната група ја сочинуваат 5 лица.

За **мобилизирање на граѓаните за учество на буџетскиот форум**, општината, заедно со модераторот, координаторот и ОГ, користеше повеќе техники, со кои беа опфатени најразлични целни групи. Граѓаните се мобилизираа со официјални покани, лични и телефонски контакти, веб страницата на општината, facebook страниците на општината и на градоначалникот.

Членовите на Работната групи беа информирани преку лични и директни контакти, од оперативаната група.

### 1.1.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите

Мобилизацијата помеѓу и по сесиите се одвиваше по воспоставениот модел на информирање со покани, плакати, лични и телефонски известувања, како и преку социјалните мрежи.

**Во извештајниот период, од страна на Работнатата група за проекција на расходите беше одржана работилницата на ден 21.11.1022г.**

На работилницата присуствуваа вкупно 15граѓани од кои 5 граѓани, по еден претставник предложен од секоја од работните маси, за членови на работната група, од кои 2 мажи и 3 жени, форумскиот тим во полн состав (оперативна група, координатор,модератор – 6 лица, од кои 2 мажи и 4 жени) и 4 лица- раководителки (жени) на сектори/одделенија од општината во чија надлежност се дискутираните буџетски програми на форумот.

На оваа работилница беа дискутирани предлозите на граѓаните за расходите на 13-сет. приоритетни буџетски програми или вкупно 89 предлога, од кои 5 се повторуваат, 4 не се во надлежност на општината, 32 предлога кои се прифатливи но општината во овој момент

неможе да ги вклучи во приоритетите за следната година затоа што буџетските средства се ограничени и 48 граѓански предлози кои се прифатени од општината.

Притоа се заклучи дека еден дел од граѓанските предлози се повторуваат меѓу работните маси. Општ заклучок е дека најголем дел од предлозите на граѓаните се прифатени од страна на општината.

На **работилницата за проекција на расходите** се утврди и листата од 13 годишни оперативни програми на општината за приоретизација на 4 форумска сесија.

| Бр. | Име на програма | Буџет |
|---|---|---|
| 1 | **Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 г.** | **7.225.000,00 ден** |
| 2 | **Програма за животна средина на Општина Крива Паланка, за 2023 г.** | **5.550.000 ден** |
| 3 | **Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка за 2023 г.** | **720.000,00 ден** |
| 4 | **Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка.** | **1.950.000,00 ден** |
| 5 | **Програма за активности на Општина Крива Паланка во, областа на образование за 2023 г.** | **2.211.000,00 ден** |
| 6 | **Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година во Општина Крива Паланка.** | **17.345.000,00 ден** |
| 7 | **Програма за изградба на патишта и улици за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка.** | **56.000.000,00 ден** |
| 8 | **Програма за уредување на градежно земјиште за 2023 година во Општина Крива Паланка.** | **28.000.000,00 ден** |
| 9 | **За изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2023 година** | **62.500.000,00 ден** |
| 10 | **Програма за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година** | **6.800.00,00 ден** |
| 11 | **Програма за соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2023 година** | **860.000,00 ден** |
| 12 | **Програма за млади за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка.** | **660.000,00 ден** |
| 13 | **Програма за култура на Општина Крива Паланка за 2023 година.** | **8.290.000,00 ден** |

По детална анализа на предлозите- проектите од страна на работната група беше утврдена листата од 48 проекти кои ќе бидат предмет на приоретизација на 4 форумска сесија, кои се прифатливи за општината и ќе влезат во програмите односно буџетот на општината за 2023 година.

| Бр. | Име на програма | Буџет |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 г.** | | |
| 1 | Решение за Касарната и просторот околу неа | 60.000.000,00 ден |
| 2 | Донесување на деталец урбанистички план за Калин Камен | 650.000,00 ден |
| **Програма за животна средина на Општина Крива Паланка, за 2023 г.** | | |
| 3 | Наместо контејнери, домашниот комунален отпад да се собира во најлон вреќи во садовите од 180л.Така да се предава отпадот, а собирачите на отпад да бидат прецизни со времето на собирање. | 2.400.000,00ден |
| 4 | Да се направи план и програма за кабест отпад – отстранување. | Без буџетски импликации |
| 5 | Редовна контрола, прочистување и информирање на граѓаните за квалитетот на водата за пиење. | Без буџетски импликации |
| 6 | Воведување на стимулативни мерки за селекција и рециклирање на отпад. | / |
| **Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка за 2023 г.** | | |
| 7 | Да се направи јама за животински отпад | ЈП Комуналец |
| 8 | Забрана за непрописно шетање на кучиња по стазата покрај Крива Река. | Без буџетски импликации |
| 9 | Превентивни и едукативни мерки за правилно чување и зголемена контрола на инспекциски служби | 50.000,00 ден |
| 10 | Кампања за вдомување на бездомните кучиња. | 50.000,00 ден |
| 11 | Зголемување на свеста кај граѓаните за вдомување на миленичиња преку едукативни активности. | 50.000,00 ден |
| **Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка.** | | |
| 12 | Одлука, со опомена,а потоа казна за возачите кои не ги паркираат возилата само од страната на улицата за која е договорено. Да се обележат улиците од која страна да се паркираат возилата. | 100.000,00 ден |
| 13 | Сообраќајно решение за влез и излез на возила. Правилно паркирање на ново направена стаза за паркирање и поставување на знаци за забрането паркирање на стазата за движење на луѓето. | 100.000,00 ден |
| 14 | Регулирање на сообраќајниот метеж не само во центар туку и населбите и дефинирање на паркинг простор. | 100.000,00 ден |
| 15 | Регулирање на паркинг на такси превозниците кај градски плоштад. | 10.000,00 |
| 16 | Зонско паркирање. | 650.000,00 ден |
| 17 | Отстранување на хаварисани возила. | 20 000.00 ден. |
| 18 | Воведување на сообракајна сигнализација на патото кон Калин Камен (заради зголемена безбедност и означување на кривините) | 50.000,00 ден |
| **Програма за активности на Општина Крива Паланка во, областа на образование за 2023 г.** | | |
| 19 | Повеќе манифестации за деца од предучилишна и училишна возраст. | 10.000,00 ден |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Ставање во употреба на лифтот во ООУ Јоаким Крчовски за лицата со посебни потреби. | ОУ ,,Јоаким Крчовски,, |
| 21 | Уредување на дворните површини во градинките со реквизити | ДГ,Детелинка,, |
| 22 | Обука за подготовка на проекти за EU фондови.<br>- Фокус ERAZMUS + | Средства од ЕУ Фондови |
| **Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година во Општина Крива Паланка.** | | |
| 23 | Изградба на дом за стари лица. | Донаторски средства |
| 24 | Поофанзивно делување во опремување на Сензорна соба во ОЈУДГ Детелинка. | Донаторски средства |
| **Програма за изградба на патишта и улици за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка.** | | |
| 25 | Да се обезбеди кривината кај Карпош, да се издвои од паркингот, и по можност да се стави лежечки полицаец и забрана за парркирање на товарни возила. | 200.000,00 ден |
| 26 | Асфалтирање на ул.Коце Металец | 1.000.000,00 ден |
| 27 | Изградба на тротоар од Осичка маала до мотел | 1.000.000,00 ден |
| 28 | Приоритет на изработка на техничка документација за локален пат Конопница-Крстата падина | 1.000.000,00 ден |
| 29 | Санација на пристапни патишта и јавна површина кај "Зелен пазар" | 4.000.000,00 ден |
| **Програма за уредување на градежно земјиште за 2023 година во Општина Крива Паланка** | | |
| 30 | Спојување на ул.Македонска (кај кошот) со љиљаков мост со поплочување и скали со држачи. | 600.000,00 ден |
| 31 | Идејно решение за нови паркинг простори во центарот на градот | 200.000,00 ден |
| 32 | Уредување на пропустите на Селска река | 20.000,00 ден |
| 33 | Изградба и поставување на спортско-рекреативни детски игралишта | 2.000.000,00 ден |
| **За изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2023 година** | | |
| 34 | Атмосферска канализација на улица Баглачка | 150.000,00 ден |
| 35 | Чистење и одржување на на атмосферска канализација во нас.Бегови Бавчи, ул. 17та Македонска Бригада и на други улици | 20.000,00 ден |
| 36 | Решавање на проблемот со водата за пиење | 200.000,00 ден |
| 37 | Изградба на прва фаза од водоснабдителен систем "Вирови Грамаѓе " | 25.000.000,00 ден |
| **Програма за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година** | | |
| 38 | Обуки за занаети во изумирање во соработка со АВРМ. | Без буџетски |

| | | |
|---|---|---|
| | | импликации |
| 39 | Унапредување и развој на земјоделството и сточарството во Општината - обука претприемачки капацитети | 60 000,00 |
| 40 | Обезбедување на услови за развој на локалитет Калин Камен во функција на развој на туризмот. | Со средства од фондови |
| **Програма за соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2023 година** | | |
| 41 | Центар за НВО | Донаторски средства |
| 42 | Овој Предлог веќе се реализира преку Reload програмата | Донаторски средства |
| **Програма за млади за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка.** | | |
| 43 | Рекреативно катче за млади. | Со Донација |
| 44 | Поголемо учество на младите во донесување на одлуките во делот на младинската политика. | Без буџетски импликации |
| 45 | Едукативни работилници наменети за РО ММС за зголемување на капацитетите за искористување на средства од пристапни фондови. | RE-LOAD програма |
| **Програма за култура на Општина Крива Паланка за 2023 година.** | | |
| 46 | Зачувување на културата и традицијата (осоговско село, компиријада, и народни носии) | 500.000,00 ден |
| 47 | Финансирање на едукативни и креативни работилници за културно наследство - | 20.000,00 ден |
| 48 | Фестивал на храна збогатен со културно уметничка програма – пороизлезен од збратимувањето со град Лесковац. | 500.000,00 ден |

Работната група ја утврди и листата со препораки со сите граѓански предлози кои не беа прифатени да станат дел од приоритетите на општината за следната година и кои на четвртата форумска сесија ќе им бидат предадени на органите на општината да ги имаат предвид при своите идни планирања.

Во подготовката, пред, и по одржаните форумски сесии во месец ноември, Оперативната група одржа вкупно 5 состаноци за спроведување на 4 форумски сесии. На средбите членовите на ОГ ги вршеа подготовките за мобилизација на граѓаните за учество во форумскиот процес, како и сите останати организациски и технички подготовки.

ОГ работеше крајно координирано, според утврден распоред и меѓусебна поделба на задачите пред, за време, и по одржувањето на форумските сесии.Ги подготвуваа поканите, материјалите за форумските сесии, освежувањето, рапоредот на работните маси и другите потребни ресурси. Општ заклучок е дека немаше никакви пропусти околу ангажманот и извршувањето на задачите од страна на ОГ. Инаку, во ОГ, заедно со модераторот и општинскиот координатор, вклучени се 6 лица (4жени и 2 мажи).

Во подготовката и за време на досегашниот форумски процес се одвиваше континуирана и секојдневна комуникација сомодераторот, координаторот, општинската администрација, експерти и други лица од општината, како и со градоначалникот на општината. Целта на секојдневните контакти беше подготовка на потребните информации и материјали за форумските сесии и нивна навремена изработка. Покрај ОГ, во подготовката

на сесиите активно беа вклучени околу 4 лица од општината и еден експерт од УН Women, меѓу кои и раководителите на одделенијата во чија надлежност е подготовката на буџетот, финансиското работење и буџетските програми.

***Преглед на профилот на ОГ***

| Општина | Број на членови на ОГ | Број на мажи | Број на жени | Етничка застапеност (малцинства) | Застапеност на целна група |
|---|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | 6(заедно со координатор и модератор) | 2 (33.3%) | 4 (66.6%) | // (0%) | |
| ОГ - претставник од Комисија за еднакви можности | | | | | Не |
| ОГ - претставник од Комисија за односи меѓу заедниците | | | | | Не |

## 1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ

**Првата форумска сесија** се одржа на 01.11.2022г. место: општинска сала, од 11 до16 часот.
На **првата форумска сесија** присуствуваа вкупно 69 граѓани од кои 45 жени и 24 мажи. Од нив сите 69 се Македонци.
Првата форумска сесија, беше конципирана и организирана како работилница од два дела. Првиот дел е перидот од 11 до 13 часот а вториот дел од 13 до 16 часот.

**Главните цели** на првата форумска сесија се подигање на свеста и капацитетите на граѓаните за потребата од вклучување на родовата димензија во стратешкото и годишното оперативно планирање и програмирање и запознавање на граѓаните со форумскиот процес, како најцелисходна алатка за партиципативно вклучување на граѓаните во одлучувачките процеси во заедницата и запознавање со процесот на буџетирање и структурата на буџетот во општина Крива Паланка, како главен инструмент преку кој општината ги реализира своите надлежности.
Клучен акцент беше ставен на родовата интеграција во програмирањето на локално ниво, како се прави родова анализа, зошто е битна родовата статистика, мониторинг и евалуација. Од презентациите учесниците на Форумот се запознаа, со најосновите поими и разлики помеѓу род и пол, па се до постоечките правни рамки за **родова еднаквост** како и што всушност е **родово одговорен буџет.** Модраторката посебно ја потенцира потребата од креирање родово-одговорни политики, родово одговорно буџетирање и предизвици со кои како локална заедница се сочуваме. Преку видео примери од Данска присутните можеа да видат практична примена на родово одговорни одлуки и политики донесени од страна на општинските власти. Посебен акцент се стави на родовата социјализација затоа што таа се учи од најмала возраст и има директно влијае на родовата еднаквост помеѓу мажите и жените во општеството.

Националната координаторка на програмата **од** од UN Women, проектот- **Родово одговорно буџетирање - Ивона Паунович-Бишевац,** информира за досегашните постигања на општината во оваа област,соработка и подршката од UN Women во изминатиот период, проектот- „Промовирање родово одговорни политики и буџети кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија како и за целите и резултатите.

Неда Петковска, експертот за Родово одговорно буџетирање од UN Women во своето предавање даде одговори на прашањата зошто родова еднаквост и потребата од креирање родово-одговорни политики, родово одговорно буџетирање и предизвици со кои се сочуваме. Преку видео примери од Данска присутните можеа да видат практична примена на родово одговорни одлуки и политики донесени од страна на општинските власти. Посебен акцент се стави на родовата социјализација затоа што таа се учи од најмала возраст и има директно влијае на родовата еднаквост помеѓу мажите и жените во општеството.

Со вежба и вклучување на граѓаните на конкретен пример – дефинирање на предлог од самите граѓани, се правеше родова анализа на предлогот, дефинирање на родови индикатори, и важноста од употребата на родово сензитивен јазик.

Во вториот дел од сесијата граѓаните се запознаа со форумскиот процес, како нај целисходна алатка за партиципативно вклучување на граѓаните во одлучувачките процеси во заедницата, формирање на структурата на форумот, запознавање со процесот на буџетирање и структурата на буџетот на Општина Крива Паланка како и запознавање со стратешките развојни приоритети на Општина Крива Паланка за следната година.

Процесот на буџетирање и структурата на буџетот на општина Крива Паланка ги презентираше Љупка Ангеловска од одделението за финансиски прашања, на присутните граѓани им го презентираше процесот на буџетирање и структурата на буџетот на општината, при што ги запозна со приходите и расходите кои се реализираат во една фискална година, т.е. на еден транспарентен и видлив начин ја презентираше структурата на Буџетот на Општина Крива Паланка.

Таа прво го објасни процесот на буџетирање, а потоа и структурата на буџетот на Општина Крива Паланка, истакнувајќи дека буџетот на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, кој ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, самофинансирачки активности, на донации и на заеми. Ангеловска појасни дека буџетот на општината се однесува за период од една фискана година, која го опфаќа периодот од 1 јануари до 31 декември, а посебно се осврна на постапката за изготвување, донесување и извршување на буџетски процес, буџетскиот календар и сопствените извори на приходи. Во рамките на презентацијата за структурата на буџетот на Крива Паланка, Ангеловска посочи дека приходите за 2022 година изнесуват 390.641.000 денари, кои се обезбедуваат од даночни, неданочни и капитални приходи, како и од трансфери и донации и од кредити.

Ангеловска ги претстави и расходите, при што даде деталeн опис на основниот буџет, блок дотациите, буџетот од самофинасирачките активности и од донации. Прикажувајќи ги планираните и реализирани приходи и расходи за првите 9 месеци од 2022 година.

Градоначалникот го информира форумот дека целокупното годишно оперативно планирање и програмирање во општината, се базира на стратешките цели и акцискиот план од **,,Родово одговорната стратегија за одржлив развој на општината 2022-2027г,, и дека** сите годишни оперативни програми за 2023 година, кои по завршување на форумскиот процес со предлозите од граѓаните дадени на форумот а кои ќе бидат прифатени од општината ќе бидат предмет на усвојување од страна на Советот на Општината , при што посебно нагласи дека сите општински програми во својата основа во целост ја имаат вметнато родовата димензија, и сите предлози од граѓаните заедно со граѓаните на форумот ќе поминат низ процес на родова статистика, анализа и за истите ќе бидат дефинирани родови индикатори. При што истакна дека како градоначалник е посебно горд што од оваа година **родово оодговорното стратешко планирање и буџетирање во општината е правило а не исклучок.**

По презентациите имаше две дискусии, и двете од македонци, и тоа :

- Жаклина Цветковска постави прашање: Кога се прави Анализа за родова еднаквост?

На што од страна на експертот беше детално објаснесто дека анализата може да се направи однапрен, но и во текот на самата имплементација.

- Анѓелина Ѓошева постави прашање, Колку се работи за еднаквост во вработувањето на жените?, за кое се отвори дискусија од присутните и се донесе како општ заклучок дека има интервенции и законски, но и на социјален план, но сеуште не е достигнато задоволително ниво за истото.

**Втората форумска сесија** се одржа на 11.11.2022 година, во големата сала на општината на ден 11.11.2022 година, во периодот од 13:00 до 16:00 часот, на која присуствуваа вкупно 54 лица од кои 39 жени и 15 мажи, сите Македонци.

**Главните цели на втората форумска сесија** се запознавање на граѓаните/форумот со приходите и расходите на Општина Крива Паланка до 30.09.2022 година како и проектираните приходи на основниот буџет на општината за 2023 година, кои се проектирани на околу 188 000 509,00. Целта е форумот да осознае кои видови на приходи го сочинуваат општинскиот буџет, колку се изворните приходи на општината и од каде доаѓаат, односно како и од каде се полни општинската каса. Целта е граѓаните да добијат реална слика за можностите на општината, бидјжи потребите, желбите и приоритетитесе многу но буџетските средства се ограничени,па според тоа да може да ја дефинираат и важноста на своите предлози и приоритети.

На самата сесија беше утврдена структурата на форумот по работни маси и концептот за работа на форумските сесии како и форумските правила за работа, по што следеше распределба на граѓаните по работни маси

1. работна маса – ***Урбанизам,сообраќај и заштита на животната средина*** - 8 членови
2. работна маса – ***Комунални дејности*** - 7 членови
3. работна маса – ***Култура*** - 8 членови
4. работна маса – ***Јавни дејности (образование, социјални работи, млади, спорт и рекреација)*** – 10 членови
5. работна маса - ***Економски развој и туризам*** – 8 членови
6. работна маса – ***Општинска администрација -*** 8 членови

На оваа сесија беа претставени и проектираните расходи за 2023 година, како дел од буџетските програми на општината и беа утврдени 13 –сте општинските програми кои ќе бидат предмет на дискусија на форумот.

Во вториот дел од оваа форумска сесија беа презентирани расходите на шест биџетски програми и тоа:

Од страна на Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска беше презентирана Програмата за изработка на урбанистички планови, објаснувајќи дека во моментов во фаза на изработка и донесување се повеќе урбанистички планови и локални урбанистички плански документации и тоа како за градот и населените места, така и вон населените места и дека за 2023 година за оваа програма се планирани **7.225.000 денари**.

Програмата за животна средина исто така беше презентирана од страна на Раководителот на Секторот за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности. Костадиновска нагласи дека во програмата се наведени активности од областа на заштитата на животната средина кои треба да обезбедат подобрување и унапредување на животната средина на територијата на општина Крива Паланка со вкупен буџет од **5 550 000 денари**.

Од страна на Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска беше презентирана и Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка во

која главна цел е контрола на популацијата на бездомните кучиња во општина Крива Паланка, ефикасно, одговорно, хумано, и трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и спречувањето на создавање/прилив на нови кучиња на улица преку спроведување на стратегијата "залови-стерилизирај-врати" со вкупен буџет од **600 000 денари**.

Костадиновска, Раководител на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности ја презентираше и Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на општина Крива Паланка, во која предмет на оваа програма е проектирање на сообракајната сигнализација, односно изработка на соодветна сообраќајно техничка документација за режимот на сообраќај на локалните патишта и улици, одржување на постоечката хоризонтална и вертикална сигнализација и поставување на нова сообраќајна сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација и предвиден буџет од **1 950 000 денари.**

Костадиновска во презентирањето на четирите програми потенцираше дека сите програми во својата основ аја имаат родовата статистика и се родово сензитивни.

Презентација на Програмата за образование (со буџет од општината изнесува **2.211.000 денари**) и Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во општина Крива Паланказа 2023 годинаб(со вкупен буџет од **17.345.000 денари**), имаше Раководителката на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ – Валентина Ангеловска.

Ангеловска образложувајки ја програмата потенцираше дека децентрализацијата во образованието е да се подобри непосредниот пристап и да се унапреди квалитетот на стандардите во спроведување на образованието, со што се овозможува зголемено учество во процесот на донесување на одлуки и во процесот на управување со училиштата како и ефикасна контрола врз воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, а се разбира и преземање одговорност за негово финансирање, додека во другата програма се покриени три области и тоа: социјална заштита, детска заштита и здравствена заштита, се во насока на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во Општината.

По презентациите имаше вкупно 7 дискусии од кои 5 на жени и 2 на мажи, сите Македонци

Жаклина Цветковска од РЦС„Спектар", праша дали донесување на генерален урбанистички план и детален урбанистички план влегува во буџетот за 2023 година и каде на која локација се наоѓа хотелскиот комплекс? Едита Поцева од работна маса Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина праша Дали има некаков план за касарната и што се планира? Валентина Лековска – пензионер, постави прашање што се планира за просторот позади зградите кај зелениот пазар? Дали се планира уредување на паркинг простор кај зелениот пазар?, Анѓелина Ѓошева праша дали може да се гради, реновира или догради куќа која се наоѓа на национализирано земјиште, конкретно стари турски куќи кои се наоѓаат на делот од стариот градски пазар? Бранко Тодоровски од ученички дом Боро Менков даде забелешка дека канализацијата на дел од улицата Св. Јоаким Осоговски спроти нас.Единство не е во добра состојба и постави прашање дали има некаков проект за истата?Модераторката појасни дека тоа прашање е тема за дискусија на следната сесија кога ќе бидат презентирани програмите од одделението за комунални работи и дека ќе го сочуваме прашањето за следната сесија.Бранко Тодоровски, праша зошто во програмата не се вклучени и уличните мачки?Едита Поцева од Организација на жени праша Во кој стационар се носат уличните кучиња и каде се наоѓа тој стационар?

**На оваа сесија граѓаните дадоа вкупно 45 предлози во рамки на сите шесте програми, кои беа дискутирани, од кои од страна на општината беа прифатени 24 предлози, за 1 предлог општината нема надлежност, 4 предлози се повторуваат и 15 предлози не се прифатени од општината и тоа:**

- 8 предлози дадени од граѓаните за расходите на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 г.од кои прифатени се 2 предлози, 1 предлог се повторува и неприфатени се 5 предлози од страна на општината;

- 6 предлози дадени од граѓаните за расходите на програмата за животна средина во општина Крива Паланка за 2023 година од кои прифатени се 4, не е во надлежност на општината 1 предлог, и неприфатен е 1 предлог од страна на општината;
- 7 предлози дадени од граѓаните за расходите на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка за 2023 година од кои се прифатени 5 предлози , 1 предлог се повторува, и неприфатен е 1 предлог од страна на општината.;
- 9 предлози дадени од граѓаните за расходите на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација во општина Крива Паланка за 2023 година од кои прифатени се 7 предлози , а не се прифатени 2 предлога од страна на општината;
- 7 предлози дадени од граѓаните за расходите на програмата за образование во општина Крива Паланка за 2023 година од кои прифатени се 4 предлози, неприфатени се 3 предлози од страна на општината. ;
- 7 предлози дадени од граѓаните за расходите на програмата за социјална, детска и здравствена заштита во општина Крива Паланка за 2023 година од кои прифатени се 2 предлога, 2 предлога се повторуваат и 3 предлози не се прифатени. од страна на општината;

**Третата форумска сесија** се одржа на 15.11.2022 година, во големата сала на општината, во периодот од 13-16 часот, на која присуствуваа вкупно 51 лица од кои 37 жени и 14 мажи, сите Македонци.

**Главните цели на третата форумска сесија** се делумно идентични со целите од втората. Целта е форумот да добие поширока слика и осознае како општината го планира и троши буџетот извршувајќи ги своите надлежности. А тоа ќе го направи преку осознавањето на планирањата на општината по преостанатите седум буџетски програми кои форумот ги избра за дискусија, да го кажат граѓаните своето мислење и видување за планирањето на општината за седумте програми, но и да ги дадат своите предлози во рамки на презентираните буџетски програми.

Никола Граматиков, раководител на Одделението за комунални дејности, ги презентираше програмите за :

- **Изградба, реконструкција и одржување на локалната патна мрежа** (со вкупен буџет од **56.000.000 денари**) истакнувајќи дека годинава се очекува поголема реализација на активностите, заради зголемениот прилив на очекувани средства од повисоки нивоа на власт и од општинскиот буџет,
- **Уредување на градежно земјиште** (со вкупен буџет од **28.000.000 денари**).Тој истакна дека реализацијата на програмата ќе се врши според урбанистичките планови и дека во 2023 година ќе се продолжи со спроведување на дел од незавршените, а предвидени активности за 2022 година, но и со нови инфраструктурни објекти и
- **Изградба, реконструкција и одржување на водоводна и канализациона мрежа** (со вкупен буџет од **62.500.000 денари** од кои **29 000 000 денари** за канализација и **33 500 000 за водоводи**).Тој истакна дека Крива Паланка како општина со голем број градски, приградски и рурални населени места, каде се потребни интервенции, секоја година има многу тешка задача да направи распределба на приоритетни проекти во услови на лимитирани средства во општинскиот буџет.
- Програмата за **Локален економски развој** ја претстави Валентина Ангеловска, раководител на Одделението за јавни дејности, економски развој и развој на информатичка технологија. Кај Локалниот економски развој, како што рече Ангеловска, акцентот е ставен на подготовка на стратешки документи, ко-финансирање на проекти, поддршка на претприемништвото, развојот на туризмот, граѓанските здруженија и слично, за што се предвидени **6.800.000 денари**.
- За Програмата за **култура** ќе се издвојат **6.491.000 денари**, и посочи дека општината посветува особено внимание на развојот на културната дејност и постојано збогатување на програмските активности, со што се дава голем придонес за културното живеење во градот.
- Раководителот на Сектор за општи-правни работи, финансиски прашања и локален економски развој ги презентираше расходите по **Програмата за соработка со**

**граѓански организации и фондации** и **Програмата за млади.** Николовски нагласи дека двете програми се родово сензитивни, а поради големото присуство на учесници од Невладините организации на форумот даде и појаснување за усвоениот методолошки пристап за транспарентна распределба на средства наменети за организациите на граѓанското општество т.н **ЛОД Методологија.** Со примената на ЛОД метологијата се обезбедува квалитет, во процесот на планирање и имплементација на проекти, како и униформирана употреба на алатки и документација за успешна имплементација и монооторинг на проектите и трошењето на средствата.

По презентациите имаше 4 дискусии од граѓаните, и тоа 3 од жени и една дискусија од маж, сите Македонци.

Жаклина Цветковска од Спектар која праша Дали во програмата како што истакна раководителот е планирана само реконструкција на главната улица Св.Јоаким Осоговски или е планирано и нејзино проширување. Раководителот Граматиков кажа дека зависно од техничките и сообраќајни услови зависи и изградбата на кружен тек кај Соларски мост, додека пак планирана е целосна реконструкција на улицата Св.Јоаким Осоговски во рамките на буџетските можности и атмосферска канализација на одредени критични места. Анѓелина Ѓошевска нагласи дека улиците 11ти Октомври и Никола Тесла се реконструирани и ревитализирани, но сеуште има неколку нивни краци кои не се завршени, праша дали ќе бидат завршени и тие за да целата таа населба биде комплетирана во една целина со реконструирани/асфалтирани улици. Раководителот објасни дека рехабилитација односно тековно одржување на улицата 11ти Октомври е во програмата, согласно со тоа и останатите неасфалтирани краци би требало да бидат уредени.

Едита Поцева од Организација на жени започна дискусија на која се надоврзаа и други учесници на форумот во врска со необезбедената кривина кај Карпош, истакна дека се случиле неколку сообраќајни незгоди дури и со смртни последици само како резултат што кривината не е соодветно обележана, нема поставено лежечки полицаец, а се вози брзо и дополнителен проблем претставуваат паркираните тешки товарни возила на проширувањето тука. Раководителот Граматиков посочи дека ова е навистина голем проблем, но оваа точка или дискусија треба да се даде како предлог во програмата за донесување на урбанистички планови или поставување на сообраќајна сигнализација.

Јане Денковски праша дали се размислува за спојување на ул.Македонска со Љиљаков мост?

Едида Поцева и праша дали се планира изградба на Прочистителна станица? Раководителот Граматиков појасни дека само изработка на проект чини повеке од 50 000 евра, додека самата изградба би чинела далеку над буџетските можности на општината.

**На оваа сесија беа дадени вкупно 45 предлози од граѓаните во рамки на 7 буџетски програми од кои од општината беа прифатени 24 предлози, 1 предлог се повторува, за 2 предлози општината нема надлежност и од страна на општината се одбиени 17 предлози и тоа:**

- 9 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма за 2023 година за изградба на улици и патишта од кои прифатени 5, а неприфатени се 4 предлога одстрана на општината;
- 8 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма за 2023 година за уредување на градежно земјиште во општина Крива Паланка од кои прифатени се 4, не е во надлежност на општината 1 предлог и неприфатени од страна на општината се 3 предлози;
- 7 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма за 2023 година, за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна мрежа во општина Крива Паланка од кои прифатени се 4, не е во надлежност на општината 1 предлог, 1 предлог се повторува и неприфате е 1 предлог од страна на општината;

- 6 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма за 2023 година, за локален економски развој во општина Крива Паланка од кои прифатени се 3, а не се прифатени 3 предлога од страна на општината.
- 7 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма за 2023 година, за соработка со граѓански организации и фондации и Програмата за млади од кои од општината се прифатени 5 предлози а не се прифатени 2 предлога ;
- 8 предлози дадени од граѓаните на 3-та форумска сесија за расходите по годишната општинска буџетска програма за 2023 година, за култура во општина Крива Паланка од кои беа прифатени 3 предлози од општината, 1 предлог не е во надлежност на општината и не се прифатени 4 предлози од општината;

**Четвртата форумска сесија** на буџетскиот форумски процес за родово одговорно планирање на буџетот во Општина Крива Паланка се одржа во големата сала на општината на ден 29.11.2022 година, во периодот од 13:00 до 16:00 часот.
На четвртата форумска сесија присуствуваа вкупно 55 граѓани од кои 39 жени и 16 мажи.

**Главните цели на четвртата форумска сесија** се сумирање на резултатите од форумскиот буџетски процес во општина Крива Паланка од претходните 3 сесии, приоретизација на буџетските програми, избор и приоретизација на 48 проекти кои од форумот до општината беа предложени да станат составен дел на буџетот за 2023 со што се дава можност да истите бидат финансирани и реализирани во следната буџетска година.

Членот на работната група Жаклина Цветковска ја презентираше анализата на предлозите од работната група за буџетските програми кои беа дискутирани на II и III форумска сесија. Цветковска во својата детална презентација се фокусираше на Предлозите кои се прифатливи и даде појаснување за оние предлози кои не се прифатливи. Од вкупно 88 предлози по сите 13 презентирани програми, пет предлози се повторуваат што значи дека се од голема важност за граѓаните да бидат приоритет, три не се во надлежност на општината за кои Форумот ќе ги проследи до надлежните институции, и тоа значи дека се предложени 89 приоритети од кои 48 се прифатени и ќе бидат дел од буџетските програми за 2023 година.

Извештајот за резултатите од форумскиот процес го презентираше модераторот Лидија Митовска која даде краток осврт на резултатите од 3-те форумски сесии при што на големо задоволство на сите директни и индиректни учесници во форумот во општина Крива Паланка, констатира дека просечниот број на учесници по сесија е околу **58 лица.** Таа посочи дека според направената анализа на втората и третата форумска сесија беа дискутирани расходите на 13 буџетски програми на општината по кои граѓаните дадоа 89 предлози од кои 4 не се во надлежност на општината, а 5 предлози се повторуваат и општината позитивно се произнесе по 48 од нив.

Митовска даде и детален преглед на прифатените предлози по програми, според кој се добиени следниве податоци:

| **Вкупен број на дискутирани буџетски програми** | **Вкупно предлози од граѓаните по програмите** | **Предлози кои се повторуваат** | **Прифатени предлози** | **Предлози кои не се во надлежност на општината** | **Неприфатени предлози** |
|---|---|---|---|---|---|
| **13** | **89**<br>**100%** | **5**<br>**6 %** | **48**<br>**55 %** | **3**<br>**3 %** | **32**<br>**34%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(89-3-6=80)**<br>**80**<br>**100%** | | 60 % | | **40 %** |

Според евиденцијата, беше констатирано дека вкупно **53** граѓани се стекнале со правото да гласаат и да одлучуваат за приоритетните програми и проекти, од кои **47 лица** со право на глас беа присутни на четвртата форумска сесија.

Тие приоретизираа две листи и тоа:

1. Листа со 13 буџетски програми на Општина Крива Паланка и
2. Листа со 48 проекти дадени од граѓаните за расходите на општината / расходите на буџетот на Општина Крива Паланка за следната година.

Со цел форумот односно граѓаните да се потсетат на буџетските програми кои одат на гласање и висината на средствата кои се планирани од страна на општината, Мартин Николовски - Раководител на Секторот за општи, правни работи, финансиски прашања и локален економски развој со табеларен приказ ги презентираше програмите со предлог буџет за секоја програма посебно.

По презентацијата и потсетувањето на програмите форумот изврши приоретизација на 13-те буџетски општински програми, гласајќи за истите согласно правилата на форумот, една маса еден глас, **најприоритет 13 бода, помалку приоритет 12,11,10.....и со најмал приоритет 1 бод.**

**По гласањето од тринаесет приоретизирани програми за најприоритетна беше избрана ,,ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА,, - со 54 бода а потоа следуваат:**

| РАНГ | НАСЛОВ НА ПРОГРАМА | Вкупен буџет на проектот (МКД) | Вкупен број поени |
|---|---|---|---|
| **1** | За изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2023 година | **62.500.000,00** | **54** |
| **2** | Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 г. | **7.225.000,00** | **51** |
| **3** | Програма за изградба на патишта и улици за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка | **56.000.000,00** | **50** |
| **4** | Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка. | **1.950.000,00** | **47** |
| **5** | Програма за култура на Општина Крива Паланка за 2023 година | **8.290.000,00** | **47** |
| **6** | Програма за млади за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка | **660.000,00** | **46** |
| **7** | Програма за животна средина на Општина Крива Паланка, за 2023 г. | **5.550.000** | **45** |
| **8** | Програма за активности на Општина Крива Паланка во, областа на образование за 2023 г. | **2.211.000,00** | **44** |
| **9** | Програма за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година | **6.800.00,00** | **43** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10** | Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година во Општина Крива Паланка. | **17.345.000,00** | **41** |
| **11** | Програма за уредување на градежно земјиште за 2023 година во Општината | **28.000.000,00** | **29** |
| **12** | Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка за 2023 г. | **720.000,00** | **26** |
| **13** | Програма за соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2023 година | **860.000,00** | **23** |

Утврдените 48 проекти од работната група за проекција на расходите по буџетските програми за кои општината се произнесе позитивно беа детално презентирани од членот на работната група Жаклина Цветковска. Цветковска даде образложение за нив, односно зошто се прифатени во приоритетите за развој и колку изнесува буџетот за секој проект.

По деталната презентација на 48 проекти, форумот изврши приоретизација, гласајќи за истите согласно правилата на форумот, една маса еден глас, **најприоритет 48 бода помалку приоритет 47,46,45____________1 бод.**

Од 48 приоретизирани проекти, пак, проектот за **Редовна контрола, прочистување и информирање на граѓаните за квалитетот на водата за пиење.,** беше избран за најприоритетен со вкупно **236 бода,** кој не е во надлежност на општината и е во надлежност на ЈП Комуналец, додека со 234 бода беше избран Проектот **Изградба на Дом за стари лица** , а потоа следуваат:

| РАНГ | Наслов на проект | Вкупен број поени | Вкупен буџет на проектот (МКД) |
|---|---|---|---|
| 1 | Редовна контрола, прочистување и информирање на граѓаните за квалитетот на водата за пиење. | **236** | **ЈП Комуналец** |
| 2 | Изградба на дом за стари лица. | **234** | **Донаторски средства** |
| 3 | Решавање на проблемот со водата за пиење | **229** | **200.000,00** |
| 4 | Ставање во употреба на лифтот во ООУ Јоаким Крчовски за лицата со посебни потреби. | **217** | **ОУ ,,Јоаким Крчовски,,** |
| 5 | Одлука, со опомена,а потоа казна за возачите кои не ги паркираат возилата само од страната на улицата за која е договорено. Да се обележат улиците од која страна да се паркираат возилата. | **216** | **100.000,00** |
| 6 | Спојување на ул.Македонска (кај кошот) со љиљаков мост со поплочување и скали со држачи. | **213** | **600.000,00** |
| 7 | Регулирање на сообраќајниот метеж не само во центар туку и населбите и дефинирање на паркинг простор. | **212** | **100.000,00** |
| 8 | Санација на пристапни патишта и јавна површина кај "Зелен пазар" | **206** | **4.000.000,00** |
| 9 | Поголемо учество на младите во донесување на одлуките во делот на младинската политика. | **192** | **Без буџетски импликации** |
| 10 | Идејно решение за нови паркинг простори во центарот на градот | **189** | **200.000,00** |
| 11 | Решение за Касарната и просторот околу неа | **189** | **60.000.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **12** | Изградба на прва фаза од водоснабдителен систем "Вирови Грамаѓе " | **181** | **25.000.000,00** |
| **13** | Сообраќајно решение за влез и излез на возила. Правилно паркирање на ново направена стаза за паркирање и поставување на знаци за забрането паркирање на стазата за движење на луѓето. | **180** | **100.000,00** |
| **14** | Изградба на тротоар од Осичка маала до мотел | **180** | **1.000.000,00** |
| **15** | Чистење и одржување на на атмосферска канализација во нас.Бегови Бавчи, ул. 17та Македонска Бригада и на други улици | **167** | **20.000,00** |
| **16** | Изградба и поставување на спортско-рекреативни детски игралишта | **162** | **2.000.000,00** |
| **17** | Наместо контејнери, домашниот комунален отпад да се собира во најлон вреќи во садовите од 180л.Така да се предава отпадот, а собирачите на отпад да бидат прецизни со времето на собирање. | **160** | **2.400.000,00** |
| **18** | Да се обезбеди кривината кај Карпош, да се издвои од паркингот, и по можност да се стави лежечки полицаец и забрана за парркирање на товарни возила. | **157** | **200.000,00** |
| **19** | Атмосферска канализација на улица Баглачка | **156** | **150.000,00** |
| **20** | Донесување на детален урбанистички план за Калин Камен | **154** | **650.000,00** |
| **21** | Воведување на стимулативни мерки за селекција и рециклирање на отпад. | **150** | **0** |
| **22** | Зонско паркирање. | **147** | **650.000,00** |
| **23** | Забрана за непрописно шетање на кучиња по стазата покрај Крива Река. | **145** | **Без буџетски импликации** |
| **24** | Унапредување и развој на земјоделството и сточарството во Општината - обука претприемачки капацитети | **145** | **60 000,00** |
| **25** | Центар за НВО | **142** | **Донаторски средства** |
| **26** | Приоритет на изработка на техничка документација за локален пат Конопница-Крстата падина | **139** | **1.000.000,00** |
| **27** | Зачувување на културата и традицијата (осоговско село, копиријада, и народни носии) | **138** | **500.000,00** |
| **28** | Финансирање на едукативни и креативни работилници за културно наследство - | **138** | **20.000,00** |
| **29** | Асфалтирање на ул.Коце Металец | **136** | **1.000.000,00** |
| **30** | Обуки за занаети во изумирање во соработка со АВРМ. | **133** | **Без буџетски импликации** |
| **31** | Фестивал на храна збогатен со културно уметничка програма –пороизлезен од збратимувањето со град Лесковац. | **132** | **500.000,00** |
| **32** | Повеќе манифестации за деца од предучилишна и училишна возраст. | **131** | **10.000,00 ден** |
| **33** | Едукативни работилници наменети за РО ММС за зголемување на капацитетите за искористување на средства од пристапни фондови. | **131** | **RE-LOAD програма** |
| **34** | Регулирање на паркинг на такси превозниците кај градски плоштад. | **130** | **10.000.00** |
| **35** | Поофанзивно делување во опремување на Сензорна соба во ОЈУДГ Детелинка. | **127** | **Донаторски средства** |
| **36** | Да се направи план и програма за кабест отпад – отстранување | **121** | **ЈП Комуналец** |
| **37** | Рекреативно катче за млади. | **115** | **Со Донација** |
| **38** | Воведување на сообракајна сигнализација на патото кон Калин Камен (заради зголемена безбедност и означување на кривините) | **114** | **50.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 39 | Обезбедување на услови за развој на локалитет Калин Камен во функција на развој на туризмот. | 114 | **Со средства од фондови** |
| 40 | Да се направи јама за животински отпад | 110 | **ЈП Комуналец** |
| 41 | Превентивни и едукативни мерки за правилно чување и зголемена контрола на инспекциски служби | 110 | **50.000,00** |
| 42 | Уредување на дворните површини во градинките со реквизити | 95 | **ДГ„Детелинка„** |
| 43 | Уредување на пропустите на Селска река | 90 | **20.000,00** |
| 44 | Обука за подготовка на проекти за EU фондови. | 80 | **Средства од ЕУ Фондови** |
| 45 | Отстранување на хаварисани возила. | 79 | **20 000.00** |
| 46 | Овој Предлог веќе се реализира преку Reload програмата (Обуки) | 66 | **Донаторски средства** |
| 47 | Зголемување на свеста кај граѓаните за вдомување на миленичиња преку едукативни активности. | 37 | **50.000,00** |
| 48 | Кампања за вдомување на бездомните кучиња. | 31 | **50.000,00** |

**Најприоритетниот проект според форумот „Редовна контрола, прочистување и информирање на граѓаните за квалитетот на водата за пиење„ е даден од граѓаните на форумот во рамки на расходите на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година, која исто од страна на форумот беше прогласена за најприоритетна.**

**Совпаѓањето на двата приоритета е непобитен факт за значењето на предлогот даден од граѓаните на форумот за локалната заедница. Општината во соработка со ЈП Комуналец ќе го реализира во текот на наредната година.**

**Вкупниот износ на приоретизираните проекти изнесува околу 100.710 000,00 денари или 53 % од вкупниот износ на проекцијата на основниот буџет на општината чија проекција за 2023 година се планира на 188 509 000 ,00.**

До општината и до градоначалникот беше доставена и листа од вкупно 31 препорака, произлезени од предлозите на граѓаните, односно листата ги содржи сите граѓански идеи и проблеми кои не влегоа односно останаа надвор од буџетските и програмски приоритети на општината и неможеа да бидат вкучени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година, но можат да бидат патоказ за делување на локалната самоуправа во наредниот период и да бидат вклучени во нејзините идни стратешки и развојни планирања и документи.

Препораките од граѓаните до Општина Крива Паланка ги презентираше членот од работната група од работната маса за култура, Жаклина Цветковска. Таа наведе дека на оваа листа се наоѓаат сите предлози од граѓаните, кои не се вклучени во програмите на општината или за кои е неизвесна реализацијата, а истовремено се прифатени како подобни, но и оние предлози кои не се прифатени како приритети за развој во општинскиот буџет за 2023 година, а е оценето дека можат да се реализираат во иднина.

Жаклина Цветковска од име на форумот му ја предаде листата со 31 препорака на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски, кој се обрати на учсниците на форумот. цитат:“Вашето учество во форумот и придонесот кон заедничкото креирање на општинскиот буџет за 2023 година е многу значајно, зашто низ форумскиот процес сите заедно креираме буџет по мерка на граѓаните, кој е прилагоден на потребите на сите жители на Крива Паланка, на сите возрасни групи лица и пред сѐ, е родово -одговорен буџет.

На сите овие форумски сесии транспарентно, одговорно и посветено беа разгледани, детално и стратешките развојни приоритети на општината и низ процесот на предлагање, ваши дискусии и предлози, денес успешно го заокружуваме овој буџетски форум, кој креира буџет, кој стремиме да одговори токму на вашите потреби. Препораките и предлозите што ги достави форумот до мене како градоначалник и до општината, ќе бидат земени предвид и ќе работиме во текот на следната календарска година, на изнаоѓање

начини за нивно решавање и реализација. Затоа, како резултат на форумскиот процес, Општината прифати и ќе реализира високи 68% од предлозите на граѓаните, зошто ние сме локална власт, која единствено носи одлуки согласно потребите на граѓаните.

Во оваа прилика сакам да искажам благодарност до оперативната група од Општината што беше тука за да ги образложи и презентира буџетските средства и општинските програми за развој за наредната година.

Продолжуваме за работиме и да градиме подобра иднина за сите, за еднакви можности на жените и мажите од сите возрасти, за сите граѓани и граѓанки, продолжуваме заедно да работиме за поубава Крива Паланка за идните генерации", рече Митовски.

По обраќањето на Градоначалникот, модераторот му се заблагодари за иницијативата, присутноста, отвореноста и соработката на градоначалникот како и на општинската администрација, на сите присутни учесници кои директно или индиректно беа дел од буџетскиот форум и додаде, искрено се надева дека работна група за застапување и следење на форумските предлози, препораки и проекти на наредната сесија ке даде позитивен извештај за реализацијата на проектите кои беа избрани како приоритетни за 2023 година и се дел од буџетот на општината.

***Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност***

| **Општина** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Официјални** | **Број на жители** | 18.059 | **мажи/жени** | # |
| **Сесија** | **Број на учесници на форумска сесија** | **Мажи / жени** | **Број на учесници на работни маси** | **Мажи / жени** |
| *Прва* | 69 | 24 (34,8%)/45 (65,2%) | / | / |
| *Втора* | 54 | 15(27.7%)/ 39 (72.2%) | 49 | 13(27%)/ 35 (73%) |
| *Трета* | 51 | 14 (27,4%) / 37 (72,6%) | 45 | 12 (26,7%) / 33 (73,3%) |
| *Четврта* | 55 | 16 (29 %) / 39 (71 %) | 49 | 14 (28,5 %) / 35 (71,5%) |
| Последо-вателна | # | # (%) / # (%) | # | # (%) / # (%) |
| *Просек* | 57 | 17 (29,8%) / 40 (70,2%) | 47 | 13 (27,6%) / 34 (72,3%) |

***Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително етничка застапеност***

| **Општина** | | **КРИВА ПАЛАНКА** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Етничка застапеност** | | **Учесници на форумска сесија** | | | | | | **Учесници на работни маси** | | | | |
| **Офи.по да.** | **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | | | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 16.675 (92,3%) | Македонци | 69(100% ) | 54 (100%) | 51 (100% ) | 55 (100 %) | # (%) | # (%) | 49 (100%) | 45 (100%) | 49 (100%) | # ( % ) | # ( % ) |
| 7 (0,038% | Албанци | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # | # | # | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # ( | # ( |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ) | | | | | (%) | (%) | (%) | | | | %) | %) |
| 6 (0,033%) | Турци | 0 (%) | 0 (%) | 0(%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0(%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 447 (2,47 %) | Роми | 0 (%) | 0 (%) | 0(%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0(%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 5 (0,027%) | Власи | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 66 (0,36%) | Срби | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 2 (0,01%) | Бошњаци | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 83(0,45 %) | Други | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| | | | | | | | | | | | | |

| Медиуми во кои е промовирана програмата (весници, ТВ и радио емисии, веб страници)[1] | | | |
|---|---|---|---|
| Име на медиум | Вид на медиум (ТВ/Радио/веб страница) | Јазик | Датум и линк |
| **МИА** | **Македонска информативан агенција** | **македонски** | 30.11.2022<br><br>https:///mia.mk/прифатени-48-предлози-на-граѓаните-на-бу/ |
| **WEB страница на општина Крива Паланка** | веб страница) | **македонски** | Информација за реализацијата на форумските сесии<br>https://www.krivapalanka.gov.mk/<br>ttps://www.krivapalanka.gov.mk/?s=1+ФОРУМСКА+СЕСИЈА<br>ttps://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/30127<br>https://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/29967<br>https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/29954<br>https://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/29898<br>https://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/29753<br>https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/29825 |
| **Фејсбук странатa на општина Крива Паланка** | Социјален медиум | **македонски** | Општина Крива Паланка |

[1]Линк од информација во прилог

## 2. ПРОБЛЕМИ И РЕШЕНИЈА

Немаше проблеми и потешкотии при спроведувањето на форумскиот процес, освен поради технички причини втората и трета форумска сесија беа организирани во краток рок, сепак оперативната група заедно со модераторот успешно ги реализираа двете сесии.
Проблемот со кој се соочува општината кој воедно е и регионален, е непостоењето на локални и регионални телевизии и радио, па социјалните медиуми и WEB страната на општината се единствените места каде може да се информираат граѓаните.

## 3. ЗАКЛУЧОЦИ, ПРЕПОРАКИ И ПОНАТАМОШНИ ЧЕКОРИ

**Главен заклучок** – успешен форумскиот процес, Општина Крива Паланка заедно со граѓаните подготви во целост родово одговорен буџет кој ги таргетира различните потреби и приоритети на граѓанките и граѓаните, согласно Уставот, жените и мажите/граѓаните во нашата држава се еднакви но нивните потреби и приоритети се различни. Општина Крива Паланка е првата општина што реализира прв родово одговорен буџетски форумски процес во државата на кој граѓаните освен што предлагаа туку со помош на експерт за родово одговорно буџетирање и вршеа родова анализа на своите предлози, дефинираа родови индикатори при што користеа родово сензитивен јазик, што беше од исклучителна важност како за општината кои предлози од граѓаните да ги прифати исто и за граѓаните што од листите за нив е по приоритетно. При што овој форумски процес покажа дека не секогаш најголемите приоритети за граѓаните бараат големи буџетски средства за реализација. Доказ за ова е прво рангираниот приоритет од граѓаните.

Следните планирани активности се поврзани со организација, подготовка и одржување на петата така наречена последователна форумската сесија.

Од страна на Форумот формирана е Работна група за следење на спроведувањето на форумските предлози, препораки и проекти, која ја сочинува по еден претставник од сите 6 работни маси. Тие ќе ја следат реализацијата на форумските одлуки и на 5-та (последователна) сесија ќе дадат извештај за извршувањето на проектираните расходи по приоритетните буџетски програми и проекти, избрани од граѓаните.

Членовите на Работната група од координаторката на буџетскиот процес ќе бидат информирани и поканети да присуствуваат и на седницата на Советот на Општина Крива Паланка, која треба да се одржи до крајот на месец Декември, кога на дневен ред ќе биде донесувањето на буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година.

**13.12.2022 г.** **Одговорно лице**

**Крива Паланка** **Гордана Ристовска**

## ПРИЛОЗИ

Прилози за статистички податоци за форумските сесии

Прилог 1–Преглед на учесници по работни маси

***Прилог 1 - Преглед на учесници по работни маси***

| **РМ 1: Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 8 | 8 | 8 | 11 | # | 35 |
| **жени** | 6 | 7 | 6 | 9 | # | 28 |
| **мажи** | 2 | 1 | 2 | 2 | # | 7 |
| **РМ 2: Комунални дејности** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 6 | 7 | 7 | 6 | # | 26 |
| **жени** | 5 | 6 | 6 | 6 | # | 23 |
| **мажи** | 1 | 1 | 1 | / | # | 3 |
| **РМ 3: Култура** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 8 | 9 | 9 | 9 | # | 35 |
| **жени** | 8 | 8 | 8 | 8 | # | 32 |
| **мажи** | / | 1 | 1 | 1 | # | 3 |
| **РМ 4: Јавни дејности** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 9 | 10 | 8 | 8 | # | 35 |
| **жени** | 8 | 8 | 7 | 6 | # | 29 |
| **мажи** | 1 | 2 | 1 | 2 | # | 6 |
| **РМ 5: Економски развој и туризам** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 6 | **8** | 6 | 8 | # | 28 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **жени** | 4 | 5 | 4 | 5 | # | 18 |
| **мажи** | 2 | 3 | 2 | 3 | # | 10 |
| **РМ 6: Општинска администрација** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 11 | 8 | 9 | 10 | # | 38 |
| **жени** | 5 | **3** | 3 | 4 | # | 15 |
| **мажи** | 6 | 5 | 6 | 6 | # | 23 |
| **РМ 7: Оперативна група** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | **4** | 5 | 5 | 5 | # | 19 |
| **жени** | 3 | 3 | 3 | 3 | # | 12 |
| **мажи** | 1 | 2 | 2 | 2 | # | 7 |

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

UN
WOMEN